РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 02-218/3
31. 1. 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e ArsimitdheShkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

# НАСОКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ВО ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Скопје, јануари 2022 година

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................................................................3

НАСОКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА.....................3

1. Планирање на наставата во основното и средното образование............4

2. Реализација на наставата во основното и средното образование..........6

3. Следење, проверување, вреднување и оценување на постигањата на учениците........................................................................................................7

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ.......................................................................8

## ВОВЕД

Согласно актуелната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 (COVID-19), Владата на РСМ на 18 јануари 2022 година донесе одлука за утврдување на бројот на работни денови во учебната 2021/2022 година (172 наставни дена за основните и средните училишта, односно 158 наставни дена за завршните години на средните училишта). Врз основа на одлуката на Владата и измените на *Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година* и *Календарот за организација на учебната 2021/2022 година во јавните средни училишта,* Бирото за развој на образованието изготви *Насоки за реализација на наставата во второто полугодие од учебната 2021/2022 година.*

При организација и реализација на наставата во второто полугодие од учебната 2021/2022 година, потребно е основните и средните училишта и сите чинители во воспитно-образовниот процес да ги почитуваат протоколите од *Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година.*

## НАСОКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Со оглед на намалениот број наставни денови, Бирото за развој на образованието, во рамките на своите надлежности, дава насоки за планирање и реализација на наставата во второто полугодие во учебната 2021/2022 година согласно редовните наставни програми.

Во редовните наставни програми, односно во наставниот план, е предвиден бројот на часови за секој наставен предмет – годишен и неделен за соодветното одделение, односно соодветната година. Со пролонгирањето на зимскиот распуст намалувањето на часовите е следно:

| Вкупен број на часови за наставен предмет годишно согласно наставен план | Број на часови кои се намалуваат во второто полугодие |
|---|---|
| 36 | 1 до 2 |
| 72 | 2 до 4 |
| 108 | 3 до 6 |
| 144 | 4 до 7 |
| 180 | 8 до 9 |
| 216 | 8 до 10 |

Секој од предметите кои се изучуваат според наставниот план е застапен со еден, два, три, четири, пет или шест часа неделно. Предмет застапен со еден час неделно има годишен фонд од 36 часа и неговото намалување е 1 до 2 часа во второто полугодие; наставен предмет со застапеност од 2 часа неделно и 72 часа годишно ќе има намалување од 2 до 4 часа; наставен предмет со 3 часа неделно и 108 часа годишно ќе се намали за 3 до 6 часа; наставен предмет со 4 часа неделно и 144 часа годишно се намалува за 4 до 7 часа; наставен предмет со застапеност од 5 часа неделно и 180 часа годишно се намалува за 8 до 9 часа, додека наставен предмет со застапеност од 6 часа неделно и 216 часа годишно се намалува за 8 до 10 часа во зависност од распоредот на часовите.

## 1. Планирање на наставата во основното и средното образование

Планирањето на наставата претставува креативен процес кој опфаќа низа последователни постапки и активности со цел навремено, квалитетно и целосно постигнување на дефинираните цели/резултати од учењето и определените поими за содржините од сите теми/подрачја/модуларни единици. Планирањето на наставата треба да соодветствува на реалните услови за соодветно да се реализира,

односно подразбира планирање на активностите кои треба да се реализираат пред, за време и по часот, како и навремена подготовка на наставните и на дидактичките материјали.

Како резултат на пролонгираниот почеток на второто полугодие поради епидемиолошката состојба, планирањата на наставата се прилагодуваат на условите. Подготовката на наставата, пред сè, се фокусира на усогласување на содржините од наставната програма со расположливите ресурси, изборот на соодветни алатки и форми за работа, како и организацијата на наставата. Според тоа, планирањето за секој наставен предмет треба да се базира на соодветната наставна програма за соодветното одделение, односно соодветната година согласно утврдениот наставен план.

Секој наставник треба да направи прилагодување на планирањето на наставата за наставниот предмет, водејќи се од резултатите од учење/целите, содржините, поимите, методите и активностите утврдени во наставната програма. Доколку наставниците ги имаат изготвено планирањата за второ полугодие, потребно е да ги разгледаат и да направат соодветни (мали) измени согласно бројот на наставни денови во второто полугодие.

Фондот на часови во второто полугодие за нови наставни содржини, повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање, истражување, реализација на проекти и сл. наставникот го распределува во зависност од напредокот и потребите на учениците и условите за работа.

Часовите предвидени за усвојување нови наставни содржини може да се планираат интегрирано со часовите за вежби и сл. за да се постигне истиот резултат за помал временски период. Исто така, одделни содржини кои имаат заеднички резултати од учење/цели предвидени во наставната програма може да се планираат на еден час.

За да биде функционално и квалитетно и да обезбедува применливост на знаења, планирањето треба да содржи предлози за интеграција, внатрешна/надворешна корелација на наставни содржини преку соодветни активности и соодветен методски пристап. Основната улога на интеграцијата, внатрешната/надворешната корелација меѓу наставните содржини е да се обезбеди целовитост на знаењата кои се предвидени да се реализираат со наставната програма. Притоа, ќе се води сметка на наставата да се гледа како на интегриран систем и поврзување на едни со други содржини, поими и активности (во рамките на повеќе предмети или во рамките на самиот предмет), како и поврзување на наученото со она што ќе се учи.

## *2. Реализација на наставата во основното и средното образование*

Реализацијата на наставата треба да е во согласност со планирањето. Резултатите од учење/целите предвидени во наставните програми треба да бидат постигнати во целост преку сите содржини од темите/подрачјата/модуларните единици.

Со цел наставните програми да бидат целосно реализирани во скратениот временски период од второто полугодие, реализацијата на новите наставни содржини може да се оствари преку интегрирање со вежби, реализација на проекти и сл., а одделни содржини кои имаат заеднички резултати од учење/цели предвидени во наставната програма може да се реализираат на еден наставен час.

Во процесот на учење и поучување наставникот треба да применува различни техники на учење, комбинација на современи методи и форми на активна настава, без разлика дали наставата се реализира со физичко присуство или е настава од далечина. Техниките за активно учење и поучување поттикнуваат ефикасна примена на стекнатите знаења и вештини за идентификување, опишување, објаснување, докажување, решавање на проблеми и развивање критичко мислење. Заради

постигнување на резултатите од учење/целите, се препорачува примена на различни наставни средства и помагала предвидени во наставната програма, вклучително и интерактивни алатки, дигитални апликации, образовни платформи, образовен софтвер и сл. Според тоа, неопходно е наставникот креативно да пристапи кон реализација на наставните содржини за постигнување на резултатите од учење/целите, при што ќе ги поттикнува и мотивира учениците за усвојување и проширување на знаењата и вештините и нивната применливост во секојдневен контекст, како и развивање на ставови, вредности и однесувања.

Реализацијата на наставата треба да биде во насока на создавање услови за индивидуален напредок на секој ученик во согласност со неговите можности, способности и интереси, а воедно и да креира инспиративна творечка средина за учење и работа. Диференцираната настава може да биде еден од начините на поучување и учење кој одговара на различните нивоа на постигањата на учениците и нивните стилови на учење.

## *3. Следење, проверување, вреднување и оценување на постигањата на учениците*

Во текот на наставниот процес наставникот треба континуирано да ги следи, проверува, вреднува и оценува постигањата на учениците во рамките на предвидените часови за реализација на наставата, користејќи различни методи, техники и инструменти. Оценувањето треба да биде формативно и сумативно.

Редовното оценување и давањето повратна информација треба да бидат во функција на подобрување на поучувањето и учењето. Во текот на часот наставникот ги следи и ги оценува: усните одговори, дискусиите, придонесот во изведувањето на заклучоците, работните листови, наставните листови, практичните изработки, домашните задачи, одговорите на квизови, тестовите, проектите, решавањето

проблемски ситуации и сл. Навремената и конструктивната повратна информација им овозможува на учениците да ги идентификуваат следните чекори потребни за да напредуваат во нивното учење.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Погоре дадените насоки содржат информации во врска со планирањето и реализацијата на наставата во второто полугодие. За сите други потребни консултации и одговори на прашања кои произлегуваат од тековната работа, планирањето и реализацијата на наставните програми за второто полугодие, наставниците и училиштата може да се обратат до Бирото за развој на образованието и до советниците за одделенска настава и советниците по соодветните наставни предмети.

в.д. Директор

Зекирија Хасипи